**Павлина ВАСКОВА, Димитринка ЈОРДАНОВА ПЕШЕВСКА, Фимка ТОЗИЈА, Илинка ВАСКОВА, Тамара ЈОРДАНОВА**

# ЗАВИСНОСТ ОД АЛКОХОЛ КАЈ ЛИЦА ОД ЖЕНСКИ ПОЛ ВО Р. МАКЕДОНИЈА

## Вовед

Алкохолизмот како зависност претставува сериозен јавно здравствен проблем. Проблемот на алкохолизмот кај лицата од женски пол, со целата специфичност и импликации, поради прогресивното зголемување во светски рамки, укажува на својата сериозност. Алкохолизмот е подоминантнто застапен кај машкиот пол, но денес тој е сѐ почесто застапен и кај жените (1). Се претпоставува дека бројот на жени зависнички од алкохол расте со поголем интензитет отколку вкупниот пораст на бројот на алкохоличари- мажи (2).

Алкохолизмот, кој се појавува кај мажите и кај жените алкохоличари, има одредени специфични карактеристики, кои во најголема мера се однесуваат првенствено на причините за појава на алкохолизам, што есенцијално лежат во личноста на самиот поединец, без разлика на полот.

Специфичноста на алкохолизмот кај жените е одредена и со голем број на културно-историски и социо-економски фактори. Опште-

*Д-р Васкова е заменик-директор на Психијатриската болница „Скопје", Скопје*

*М-р Јорданова Пешевска е предавач на Факултетот за политички науки и психологија, Универзитет Американ Колеџ, Скопје*

*Д-р Тозија е редовен професор по социјална медицина и советник во ИЈЗРМ*

*М-р Васкова е психолог, волонтер во „Заштитете ги децата"*

*Т. Јорданова е магистрант на Факултет за психологија, Шефилд Универзитет, Солун*

ствените движења предизвикале големи промени кои се однесуваат на вкупните општествени односи на мажите и жените, од кои произлегле и значителни промени и во семејните односи и врски (3)

Во појавата и развојот на алкохолизмот кај жените доминантна улога има личноста, со сите нејзини карактеристики, а потоа средината и начинот на живеење (3). Особините на личноста имаат значајна улога во развојот на зависноста од алкохол. Особините на личноста се однесуваат на одреден збир на карактеристики на личноста ја зголемуваат предиспозицијата на личноста за развој на зависност од алкохол.

Идентификувањето на различните црти на личноста, кај жените зависни од алкохол има можност да помогне на долг рок во смисол за третман на зависноста, стратегии за интервенција, и сл. (4).

## Основни карактеристики на развиена зависноста од алкохол

Алкохолизмот претставува болест - зависност од алкохолни пијалоци. Таа зависност се манифестира преку силна желба за пиење алкохол, губење на контрола при внес на алкохол, зголемена толеранција на алкохол и појавување на кризи во недостаток на алкохол во организмот. Алкохолизмот се определува и како тешко/хронично ментално растројство затоа што доаѓа до патолошки процес кој го менува начинот на кој мозокот функционира (5).

Кај зависничките од алкохол релативно брзо се јавуваат голем број на сериозни здравствени проблеми, како што се цироза на црниот дроб, труење со алкохол, срцеви заболувања, болести на бубрезите како и цела низа на психички нарушувања, од кои најчеста е психозата.

Но, постојат и многу индиректни последици од алкохолизмот: насилство, сообраќајни несреќи и повреди, повреди на работно место, зголемување на стапката на криминал и сл.

Во медицински контекст, се вели дека алкохолизам постои кога се присутни два или повеќе од наведените знаци:

- Лицето пие големи количини во текот на подолг временски период;
- Лицето има тешкотии во намалување, контрола на внесот на алкохолот;
- Лицето е под дејство на алкохол во голем дел од времето;
- Лицето силно го посакува алкохолот ;
- Лицето под дејство на алкохол не ги исполнува обврските;
- Под дејство на алкохол кај лицето се јавуваат низа социјални проблеми;

- Под дејство на алкохол кај лицето се појавуваат низа здравствени проблеми;
- Под дејство на алкохол кај лицето се случува повлекување од социјалната средина;
- Кај лицето под дејство на алкохол се случуваат низа ризични ситуации кои вклучуваат пиење и возење или небезбеден секс меѓу другото.

## Застапеност на алкохолизмот во светот и кај нас

Светската здравствена организација (СЗО) проценува дека во последниот период имало околу 210 милиони луѓе со алкохолизам во светски рамки (4.1% од населението над 15-годишна возраст) (6)

Во САД, околу 17 милиони (7%) од возрасните и 0,7 милиони (2,8%) на возраст од 12 до 17-годишна возраст се погодени од алкохолизам (6). Тој е почест кај мажите и тоа најмногу кај младите и во зрела возрат, а станува сè поредок во средната возраст и во староста. Алкохолизмот е најретка појава во Африка од 1,1%, а има највисока стапка во Источна Европа, околу 11% (6)

Според податоците на СЗО на глобално ниво околу две милијарди луѓе консумираат алкохол, а околу 76,3 милиони се дијагностицирани со злоупотреба и зависност од алкохол. Зависноста од алкохол е присутна кај значителен дел од возрасната популација, околу 3-5% во развиените земји, додека ризично и штетно пиење алкохол погодува многу повисок процент од општата популација на возрасни, кои се движат од 15 до 40% (6)

Во 2013 година, 3,3 милиони смртни случаи (5,9% од сите смртни случаи) се смета дека се должат на алкохолизмот.

Светската здравствена организација проценува дека во последните десетина години околу 17 милиони луѓе починале од кардиоваскуларни болести како последица на алкохолизам, што претставува околу 29% од сите смртни случаи.

Покрај хроничните болести кои се јавуваат кај луѓето кои консумираат алкохол во големи количини, алкохолот е одговорен и за трауматски повреди, коишто можат да предизвикаат смрт или инвалидитет кај луѓето од сите возрасти.

Се проценува дека секоја година во Европа, како резултат на зависност од алкохол, нематеријалните штети изнесуваат околу 68 милијарди евра.

Алкохолот е причина за околу 2 милиони смртни случаи (3,2% од

вкупниот број) и со загуба од 58,3 милиони евра (4% од вкупниот број). За овие смртни случаи најчесто се одговорни несреќи од различни видови како резултат на консумирање на алкохол (7)

Во Европа, жените сочинуваат 20-35% од сите консументи на алкохол, што во однос на глобално ниво е многу висок процент.

## Карактеристики на злоупотреба на алкохол кај жените

*Развојот* на алкохолната болест е условена од три главни фактори: човек, средина и алкохол.

За појавата и развојот на алкохолизмот кај жените доминантна улога има **личноста**, со сите нејзини карактеристики, а многу помалку *средината*. Средината традиционално има негативен став кон жените коишто пијат алкохол, или тоа се смета за социјално неприфатливо однесување (8)

Во однос на бројот, тешко е да се обезбедат точни податоци за бројот на жени зависнички од алкохол. Сепак, голем број на истражувања покажуваат дека нивниот број континуирано се зголемува (9). Евидентно е зголемувањето на жените алкохоличари генерално, со најголем процент во САД и во некои земји на Западна Европа.

Според податоците од светската и од европската литература, *соодносот на алкохоличари од машки и женски пол во почетокот на шеесеттите години бил 8:1, којшто сооднос во споредба со претходниот период покажувал зголемување на алкохолизмот кај жените. Десет години подоцна, овој однос бил 6:1, а денес во просек изнесува 5:1. Сепак, односот на мажите и жените алкохоличари не е идентичен во сите земји, иако е приближен во оние земји каде алкохолната болест е најчеста (10).*

*Се проценува дека алкохолизмот кај жените е најзастапен во Велика Британија, каде што на три алкохоличари доаѓа една алкохоличарка (3:1), а потоа во Норвешка (5: 1), Германија (5: 1), САД (5: 1), Франција (6: 1) , Канада (6: 1), а од блиските држави во Хрватска, која е четврта земја по потрошувачка на алкохолни пијалоци во Европа, односот на мажите и жените алкохоличари е околу. 4: 1. (11).*

Современиот тек на живеење доведува до зголемена појава на алкохолизам кај лицата од женски пол. Сериозноста произлегува од статистичките параметри, кои последните години укажуваат дека бројот на жени алкохоличарки расте со поголем интензитет, отколку вкупниот пораст на бројот на алкохоличари (1).

Алкохолизмот кај жените има одредени специфични карактеристики,

кои се однесуваат на *причините* за појава на алкохолизмот како болест, *на начинот на пиење, на возраста и последиците* од прекумерното консумирање на алкохол. Специфичноста на алкохолизмот кај жените е одредена и со голем број на културно-историски и социо-економски фактори. Како главна подлога за појавата и развојот на алкохолизмот кај жените е личноста, со сите нејзини карактеристики.

## Состојба во Република Македонија

За развојот на алкохолизмот, со акцент на лицата од женски пол доминантна улога имаат особините на *личноста*.

Истражувањето направено во Република Македонија ги даде следните резултати:

- Примерокот на испитаници од женски пол- зависнички од алкохол се на возраст од 38 до 67 години, при што најчеста средната возраст е 53 години.
- Во однос на нивото на образование, најзастапено е средното образование.
- Според местото на живеење најголем дел се од градска средина.
- Особини на личноста неуротицизам, екстраверзија и отвореност кон искуства се најмногу застапени кај алкохоличарките, односно постојат кај лицата од женски пол со пројавен алкохолизам во Република Македонија.
- Постои високо ниво на присутност на особината на неуротицизам кај алкохоличарите од женски пол во Република Македонија.
- Постои високо ниво на присутност на особината на екстраверзија кај алкохоличарите од женски пол во Република Македонија.
- Постои високо ниво на присутност на особината на агресивност кај алкохоличарите од женски пол во Република Македонија.
- Утврдена е ниска присутност на особината на совесност кај алкохоличарите од женски пол во Република Македонија.
- Постои висока присутност на особината на отвореност кон искуството кај алкохоличарите од женски пол во Република Македонија.
- Постои средно ниво на позитивна поврзаност помеѓу димензиите на особината на личноста неуротицизам, односно на *депресивното расположение и чувството на ниска вредност кај лицата од женски пол со појавен алкохолизам* во Република Македонија.

Генерално, може да се заклучи дека особините на личноста во голема мера придонесуваат за појава на алкохолизам кај лицата од женски пол.

## Препораки и сугестии

Во креирањето на политиките за злоупотреба на алкохол кај нас потребно е да се даде специјален фокус на жените со оглед на последните податоци од истражувањето кое упатува дека лицата од женски пол во корелација со особините на личноста во голема мера придонесуваат за полесно развивање на зависност од алкохол и појава на болест-алкохолизам со сите нејзини карактеристики (13).

1. Одговор на службите за третман на алкохолизмот- неопходност за промени. Со оглед на тоа дека проблемот на злоупотреба на алкохол до неодамна беше во поголема мера насочен кон машката популација неопходно е да се предвидат одредени служби кои ќе бидат родово сензитивни. Имено тие треба да одговорат на се поголемиот број на жени кои злоупотребуваат алкохол.
2. Превентивни програми. Поголемот број на студии направени на младата популација (14, 15) упатуваат на потребата од креирање на превентивни програми за младите и посебно за оние од женската популација од типот на систематски, психолошки активности, ***прилагодени според особините на личноста на женската популација,*** како би се придонело за полесно надминување на алкохолизмот кај лицата од женски пол во Република Македонија.
3. Планирање на ***организирани терапевтски (психосоцијални) активности*** за третман на алкохолизмот кај лицата од женски пол во Република Македонија. (17)
4. Унапредување на системот за прибирање на податоци. При прибирањето на податоците секако портребно е да бидат сегрегирани по пол како би можеле да потпогнат во креирање на политики и служби кои ќе бидат родово сензитивни.
5. Социјални кампањи за негативните последици од злоупотребата на алкохолот врз здравјето на жените.

Злоупотребата на алкохолот во голема мера влијание врз севкупното јавно здравје. Таа произведува низа трошоци кои се поврзани со трошоци за здравствена заштита, трошоци за здравственото осигурување, за примената на правните прописи, за трошоци кои се поврзани со одржување на јавниот ред и мир, за заштита на работната средина, како и низа други трошоци, како од материјална, така и од нематеријална природа, кои негативно влијаат врз функционирањето на семејствата, и на целиот социо-економскиот развој на општеството.

Последиците на алкохолизмот се рефлексираат и на многу социјални прашања, поврзани со насилството во семејството и во пошироката социјална средина, физичка и психичка злоупотреба на деца и повреди и отсуства од работното место.

„Здравје за сите во 21 век“ на СЗО проектира цел до 2015 година во сите земји консумирањето алкохол по глава жител да не надмине 6 литри годишно, односно близу 0 кај лица под 15 години.

## Резиме

Алкохолизмот како зависност претставува сериозен јавно здравствен проблем. Проблемот на алкохолизмот кај лицата од женски пол, со целата специфичност и импликации, поради прогресивното зголемување во светски рамки, укажува на својата сериозност. Светската здравствена организација (СЗО) проценува дека во последниот период имало околу 210 милиони луѓе со алкохолизам во светски рамки (4.1% од населението над 15-годишна возраст); на глобално ниво околу две милијарди луѓе консумираат алкохол, а околу 76,3 милиони се дијагностицирани со злоупотреба и зависност од алкохол. Зависноста од алкохол е присутна кај значителен дел од возрасната популација, околу 3-5% во развиените земји, додека ризично и штетно пиење алкохол погодува многу повисок процент од општата популација на возрасни, кои се движат од 15 до 40%. Злоупотребата на алкохолот во голема мера влијание врз севкупното јавно здравје. Таа произведува низа трошоци кои се поврзани со трошоци за здравствена заштита, трошоци за здравственото осигурување, за примената на правните прописи, за трошоци кои се поврзани со одржување на јавниот ред и мир, за заштита на работната средина, како и низа други трошоци, како од материјална, така и од нематеријална природа, кои негативно влијаат врз функционирањето на семејствата, и на целиот социо-економскиот развој на општеството.

## Користена литература

1. *Brad R.K. (2002). Women and alcohol use disorders: a review of important knowledge and its implications for social work practitioners. Journal of social work.*
2. Basson, C.J. (2001). Personality and behaviour associated with excessive dependence on exercise: some reflections from research. South african journal of Psychogy
3. Borgatta, E. F. (2006). The structure of personality characteristics. Behavioral Science,
4. *DeVido, JJ; Weiss, RD (2012). Treatment of the depressed alcoholic patient. Current psychiatry reports*
5. Curtiss, M., (2012). Brain dependance: the debate over the addictive personality and gender implications.
6. *American Psychiatric Association, (2015). Diagnostic and statistical manual of mental disorders : DSM-5. (5 ed.). Washington, D.C.: American Psychiatric Association. pp. 490–491.*
7. *Global status report on alcohol and health 2014.(2014). World Health Organization. 2014*
8. Franken, I.; Muris, P. (2006). Gray's model of personality and addiction.
9. Jaffe, J. H. (2011). Drug Addiction and Abuse. Encyclopedia Americana
10. Juraj., J. (2003). Alkoholizam zena. Klinika za psihijatriju, alkoholizam i druge ovisnosti Kliničke bolnice "Sestre milosrdnice" Zagreb. Zbornik stručnih radova alkohološkog glasnika – priručnik. Hrvatski savez klubova liječenih alkoholičara, Zajednica klubova liječenih alkoholičara.ured. Golik-Gruber., V. Zagreb http://www.hskla.hr/
11. Hasin DS, Goodwin RD. (2005). Epidemiology of major depressive disorder: results from the National Epidemiologic Survey on Alcoholism and Related Conditions. Arch Gen Psychiatry
12. Anderson P, Blumberg B. (2006). Alcohol in Europe. London: Institute of Alcohol Studies
13. WHO. (2006). Framework for alcohol policy in the WHO European Region. WHO Regional Office for Europe, Copenhagen, 2006.
14. Илинка Васкова, Особините на личноста и појавата на алкохолизам кај лица од женски пол, Магистерски труд, 2016.
15. Currie, C., Zanotti, C., Morgan, A., Currie, D., De Loze, M., Roberts, C... Barnekow, V. (2012). *Social determinants of health and well-being among young people. Health Behaviour in School-aged Children*

*(HSBS) study: International report from the 2009/2010 survey*. Copenhagen: World Health Organization.

16. Тозија, Ф., Ѓорѓев, Д., Ќосевска, Е., & Кендровски, В. (2009). *Глобални резултати од истражувањето за здравјето на учениците во училиштата низ Република Македонија 2007/2008*. Скопје: Републички институт за здравствена заштита.
17. Васкова, П. И сор. (2016). *Алкохолизам, развој и последици*. Скопје: Здружение на клубови на лекувани алкохоличари на Република Македонија.